СТ.6/24

ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот Друштво за земјоделство, трговија и услуги ВЛЕЗРИТ БАКИОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бузалково, Велес, по одржаното рочиште за испитување на услови за отворање на стечајна постапка над должникот на ден 18.04.2024 година, во присуство на полномошник на предлагачот -должник, адвокат Душко Петров од Велес и привремениот стечаен управник Билјана Стефановска од Скопје го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОТВОРА стечајна постапка над должникот Друштво за земјоделство, трговија и услуги ВЛЕЗРИТ БАКИОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бузалково, Велес со седиште на улица Населено место без уличен систем Бузалково, со единствен матичен број на субјектот 6354181, со единствен даночен број 4004008501416, со трансакциска сметка бр.250014000491813 во Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 01.11 – Одгледување на жита (освен ориз) мешункасти растенија и маслодајно семе, па истата поради немање имот не се спроведува и СЕ ЗАКЛУЧУВА.

По правосилноста на решението должникот да се брише од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија и другите регистри.

Решението да се објави во Службен весник на Република Северна Македонија, на огласна табла и веб страница на судот и да се достави до Централен регистар на РСМ.

Трошоците на стечајната постапка ги поднесува предлагачот, а СЕ УТВРДУВААТ во вкупен износ од 25.000,00 денари.

О б р а з л о ж е н и е

До овој суд од страна на должникот Друштво за земјоделство, трговија и услуги ВЛЕЗРИТ БАКИОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бузалково, Велес, поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот, по што е заведен стечајниот предмет СТ.бр.6/24.

Во предлогот предлагачот - должник, преку полномошник наведе дека должникот е со блокирана сметка повеќе од 45 дена, па од неговите сметки кај носителот на платен промет не е исплатен износот што го должи по одредени основи за плаќање. Предлага над должникот да се отвори стечајна постапка.

Со решение СТ.бр.6/24 од 12.03.2024 година судот поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот, закажа рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, именуваше привремен стечаен управник и истовремено го задолжи да изготви писмен извештај за

главнина на друштвото-должник се состои од 310.000,00 денари како непаричен влог. Финансиското работење должникот го вршел преку една жиро сметка со бр.250014000491813 во Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје. Согласно Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциони сметки од 28.02.2024 година, сметката на должникот е блокирана над 45 дена. Согласно Извештај од Шпаркасе Банка А.Д Скопје за состојба на сметка (солвентност) од 11.04.2024 година. Во истиот се наведува дека до денот на изготвување на извештајот сметката на должникот е блокирана 169 дена. Утврдувањето на економско финансиската состојба е изготвено врз основа на документација предадена од книговотството на должникот. Последна предадена годишна сметка во ЦР на РСМ е за 2023 година. Во годишната сметка на должник за 2023 година единствено евидентиран е износ од 310.000,00 денари како материјални средства односно актива на должникот, истиот износ е евидентиран и како пасива. Согласно достапната книговодствена документација видно е дека евидентираната состојба во последната годишна сметка за 2023 година е евидентирана и во годишната сметка за 2022 и 2021 година. Очигледно се работи за основачкиот влог на должникот, но имајќи предвид дека должникот е основан 2008 година, а и имајќи предвид Изјавата дадена од овластеното лице на должникот влогот поради дотраеност е расходован во целост и не преставува имот на друштвото. Во Билансот на успех за сите три години(2023, 2022 и 2021 година) не се прикажани никакви приходи и расходи. Врз основа на Уверение бр.1108-754/2024 од 18.03.2024 година издадено од Агенција за катастар на недвижности на РСМ, должникот не е запишан како носител на право во катастарот на недвижности, врз основа на Потврда бр.12-1.6-7/138 од 20.03.2024 година издадена од МВР, Отсек за управни работи – Велес, должникот не поседува моторни возила, врз основа на Потврда бр.08-1100/2 од 18.03.2024 година издадена од Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, должникот не е евидентиран како имател на хартии од вредност, врз основа на Потврда за издадена информација од 18.03.2024 год. издадена од Заложниот регистар, за должникот не се евидентирани податоци за засновано заложно право, врз основа на Информација бр.0820-50/150020240099364 од 15.03.2024 год. издадена Централниот регистар на РСМ, должникот не е евидентиран како основач-содружник во друг субјект. Во делот на имотната состојба на должникот од овластеното лице на должникот даден е Извештај за економско-финансиско работење во кој се наведува дека должникот од 01/2022 година не обавува дејност. Од овие причини не можел да ги подмирува обврските према УЈП. Сметката на должникот е блокирана повеќе од 45 дена, истиот е инсолвентен и неспособен за плаќање. Должникот не располага со опрема и инвентар, залиха на роба, ниту има побарувања од купувачи. Истиот има обврски према УЈП по основ на ДДВ, придонеси и такса за глоба. Воедно од страна на овластеното лице е дадена и Изјава во која изјавува дека должникот не располага со никаков недвижен и движен имот, хартии од вредност, не располага со опрема и инвентар, залиха на роба, ниту има побарувања од купувачи. Основачкиот влог поради дотраеност е расходован во целост и не претставува имот на друштвото. Од погоре искажаното, а на основа документација обезбедена од надлежните институции и од самиот должник, видна е подолготрајна неликвидност на должникот, жиро сметката на должникот е блокирана подолго од 45 дена, и должникот е неспособен за плаќање од

отворање на стечајна постапка и тоа од увид во: тековни сметки на субјект добиени од регистер на трансакциски сметки од 28.02.2024 година на ЦР на РСМ, тековна состоја за должник од 29.02.2024 година на ЦР на РСМ, уверение од 14.03.2024 година на АКН , извештај за економско финасиско работење на должникот УЗП 1815/2024 од 11.04.2024 година на Нотар Гоце Ѓуракоски од Велес, изјава од управителот УЗП 1814/2024 година од 11.04.2024 година на Нотар Гоце Ѓуракоски од Велес, извештај за состојба на сметка на имател на сметка од 11.04.2024 година на Шпаркасе банка АД Скопје, извештај за економско финасиска состојба од поведена претходна постапка од април 2024 година на привремен стечаен управник Билјана Стефановска со прилози кон истиот и тоа: потврда од МВР рег.бр.12-1.6-7138 од 20.03.2024 година , потврда на ЦД за ХВ АД СКопје од 18.03.2024 година , потврда од Заложен регистар, информација за поврзани субјекти од 15.03.2024 година на ЦР на РСм , уверение од АКН од 18.03.2024 година, а по нивна севкупна оцена судот го утврди следното:

Според уверение бр.1108-754/2024 од 18.03.2024 година издадено од Агенција за катастар на недвижности на РСМ, должникот не е запишан како носител на право во катастарот на недвижности.

Според потврда бр.12-1.6-7/138 од 20.03.2024 година издадена од МВР, Отсек за управни работи – Велес, должникот не поседува моторни возила.

Според потврда бр.08-1100/2 од 18.03.2024 година издадена од Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, должникот не е евидентиран како имател на хартии од вредност.

Според потврда за издадена информација од 18.03.2024 год. издадена од Заложниот регистар, за должникот не се евидентирани податоци за засновано заложно право.

Според информација бр.0820-50/150020240099364 од 15.03.2024 год. издадена Централниот регистар на РСМ, должникот не е евидентиран како основач-содружник во друг субјект.

Во делот на имотната состојба на должникот од овластеното лице на должникот даден е Извештај за економско-финансиско работење (УЗП 1815/2024 од 11.04.2024 година на нотар Гоце Ѓуракоски од Велес) во кој се наведува дека должникот од 01/2022 година не обавува дејност. Од овие причини не можел да ги подмирува обврските према УЈП. Сметката на должникот е блокирана повеќе од 45 дена, истиот е инсолвентен и неспособен за плаќање. Должникот не располага со опрема и инвентар, залиха на роба, ниту има побарувања од купувачи. Истиот има обврски према УЈП по основ на ДДВ, придонеси и такса за глоба.Од страна на овластеното лице е дадена и Изјава ( УЗП 1814/2024 од 11.04.2024 година на нотар Гоце Ѓуракоски од Велес) во која изјавува дека должникот не располага со никаков недвижен и движен имот, хартии од вредност, не

наведува дека до денот на изготвување на извештајот сметката на должникот е блокирана 169 дена. Утврдувањето на економско финансиската состојба е изготвено врз основа на документација предадена од книговотството  на должникот. Последна предадена годишна сметка во ЦР на РСМ е за 2023 година. Во годишната сметка на должник за 2023 година единствено евидентиран е износ од 310.000,00 денари како материјални средства односно актива на должникот,  истиот износ е евидентиран и како пасива. Согласно достапната книговодствена документација видно е дека евидентираната состојба во последната годишна сметка за 2023 година е евидентирана и во годишната сметка за 2022 и 2021 година. Очигледно се работи за основачкиот влог на должникот, но имајќи предвид дека должникот е основан 2008 година, а и имајќи предвид Изјавата дадена од овластеното лице на должникот влогот поради дотраеност е расходован во целост и не преставува имот на друштвото. Во Билансот на успех за сите три години(2023, 2022 и 2021 година) не се прикажани никакви приходи и расходи. Врз основа на Уверение бр.1108-754/2024 од 18.03.2024 година издадено од Агенција за катастар на недвижности на РСМ, должникот не е запишан како носител на право во катастарот на недвижности, врз основа на Потврда бр.12-1.6-7/138 од 20.03.2024 година издадена од МВР, Отсек за управни работи – Велес, должникот не поседува моторни возила, врз основа на Потврда бр.08-1100/2 од 18.03.2024 година издадена од Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, должникот не е евидентиран како имател на хартии од вредност, врз основа на Потврда за издадена информација од 18.03.2024 год. издадена од Заложниот регистар, за должникот не се евидентирани податоци за засновано заложно право, врз основа на Информација бр.0820-50/150020240099364 од 15.03.2024 год. издадена Централниот регистар на РСМ, должникот не е евидентиран како основач-содружник во друг субјект. Во делот на имотната состојба на должникот од овластеното лице на должникот  даден е Извештај за економско-финансиско работење во кој се наведува дека должникот од 01/2022 година не обавува дејност. Од овие причини не можел да ги подмирува обврските према УЈП. Сметката на должникот е блокирана повеќе од 45 дена, истиот е инсолвентен и неспособен за плаќање. Должникот не располага со опрема и инвентар, залиха на роба, ниту има побарувања од купувачи. Истиот има обврски према УЈП по основ на ДДВ, придонеси и такса за глоба. Воедно од страна на овластеното лице е дадена и Изјава во која изјавува дека должникот не располага со никаков недвижен и движен имот, хартии од вредност, не располага со опрема и инвентар, залиха на роба, ниту има побарувања од купувачи. Основачкиот влог поради дотраеност е расходован во целост и не претставува имот на друштвото. Од погоре искажаното, а на основа документација обезбедена од надлежните институции и од самиот должник, видна е подолготрајна неликвидност на должникот, жиро сметката на должникот е блокирана подолго од 45 дена, и должникот е неспособен за плаќање од било која негова жиро сметка, па согласно одредбите од Законот за стечај може да се констатира дека се исполнети условите, и постојат причини за отворање на стечајна постапка над должникот, со оглед дека истиот подолго време не ги извршува редовно своите обврски.

*При вака утврдената состојба следуваше судот да го усвои предлогот на*

трошоците на таа постапка, или е со незначителна вредност, стечајниот судија носи решение за отворање на стечајна постапка и нејзино заклучување и наложува бришење на должникот од регистарот во кој е запишан. Во овој случај стечајната постапка не се спроведува.

Во конкретниот случај од утврдената состојба по однос на состојбата на имотот на должникот која произлегува од увид во изведените докази на рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка, а особено од извештајот за финансиско-економската состојба на должникот изготвен од привремениот стечаен управник на должникот, судот ја утврди основаноста на наводите за инсолвентност на должникот и непостоење на имот кој би влегол во стечајната маса заради намирување на доверителите, ниту за покривање на трошоците на стечајната постапка, при што во конкретниот случај судот утврди дека станува збор за презадолжен правен субјект со лоша финансиска состојба, без можности истата да се надмине, па спроведувањето на стечајната постапка не би ја постигнало целта на колективно намирување на доверителите на стечајниот должник.

Со оглед дека судот недвосмислено утврди дека се исполнети законските претпоставки за отворање на стечајна постапка над должникот, но истовремено истата не може да се спроведе од причина што не постои должников имот што би влегол во стечајна маса и кој би бил доволен и за намирување на трошоците на стечајната постапка, по спроведување на претходната постапка следуваше да одлучи како во изреката на решението, согласно чл.68 ст.1 од Законот за стечај, врз основа на која одредба в.в. и со ст.4 од истиот член и закон, судот наложи и бришење на должникот од регистарот во кој е запишан, по правосилноста на решението.

Одлуката на судот за објавување на решението во Службен весник на Република Северна Македонија, на огласна табла и веб страница на судот и доставување до Централен регистар на РСМ судот ја донесе врз основа на чл.68 ст.2 од Законот за стечај.

Согласно чл.53 ст.5 од Законот за стечај, уплатениот аванс влегува во трошоците на стечајната постапка.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ. 6/24 од 18.04.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА: Согласно чл.68 ст.4 од Законот за стечај, против ова решение доверителите имаат право на жалба во рок од 8 дена од денот на објавувањето во Службен Весник на Република Северна Македонија, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.
Согласно чл.12 ст.8 в.в. ст.1 од Законот за стечај, жалбата не го задржува извршувањето на решението.

ДН:
- должник преку полномошник